Јавно претпријатие за комунални дејности
ПЛАВАЈА п.о.
Бр.0202-4641/9
18.08. 2021 год.
Радовиш

Врз основа на чл.15 од Статутот на ЈП ,,Плаваја,, Радовиш, Управниот Одбор на ЈП ,,Плаваја,, на одржаната седница на 17.08.2021 година ја донесе следната :

# О Д Л У К А

**За усвојување на Годишен план за спречување на корупцијата во ЈП Плаваја Радовиш за 2021 година.**

**Член 1**

Со оваа одлука се усвојува **Годишен план за спречување на корупцијата во ЈП Плаваја Радовиш за 2021 година,** која е изработена од страна на стручните служби на ЈП Плаваја Радовиш.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето.

Заменик Претседател на У.О

Иле Георгиев

ПЛАВАЈА П.О. Радовиш

Јавно претпријатие за комунални дејности
ПЛАВАЈА п.о.
Бр. 0202-464/10
18.08.2021 год.
Радовиш

Врз основа на чл.15 од Статутот на ЈП „Плаваја“ Радовиш, а согласно 50-тата седница на Владата на РС Македонија од 2 март 2021 година (точка 83 заклучок 25), Управниот одбор на ЈП „Плаваја“ Радовиш на седницата одржана на 17.08.2021 година, донесе:

# ГОДИШЕН ПЛАН

# ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА ВО ЈП „ПЛАВАЈА“ РАДОВИШ ЗА 2021 ГОДИНА

## ВОВЕД

Корупцијата претставува сериозен предизвик во развој. Ниту една земја, без оглед на тоа колку е демократска, не е имуна на феноменот на корупцијата. Оваа социјална болест подеднакво ги напаѓа владините функционери, политичарите, деловните лидери и новинарите. Таа ги уништува националните економии, ја поткопува социјалната стабилност и ја нагризува јавната доверба.

Корупцијата не само што го нарушува процесот на носење одлуки, туку навлегува во сите пори на општествениот развој. Социјалните, правните и економските сегменти на развојот се меѓусебно поврзани, па појавата на корупција во еден сегмент значително влијае врз развојот на сите останати. Затоа земјите ширум светот постојано вложуваат напори да ја подигнат свеста за корупцијата и за нејзините влијанија врз граѓаните.

Поаѓајќи од фактот дека корупцијата ги загрозува правата што и.м припаѓаат на граѓаните, ги дерогира законите и ја оневозможува правдата, ЈП „Плаваја“ Радовиш во борбата против корупцијата изготви Годишен план за спречување на корупцијата, кој ќе придонесе за олеснување на напорите и заложбите против корупцијата, нејзино искоренување и спречување на понатамошна појава, ефективна и ефикасна јавна служба, без коруптивни крактики како и непречен развој на демократијата, а пред се владеење на правото.

## ПОИМИ

Под поимот корупција се подразбира злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службенага должност или положба за остварување корисг, дирекно или преку посредник. за себе или за друг.

Поимот **корупција,** во смисла на законот, ги опфаќа и поимите на:

**Пасивна корупција** - намерно дејствување на службено лице кое директно преку посредник бара или прима корист од каков било вид за себе или за трето лице или прифаќа ветување на ваква корист, со цел да дејствува да се воздржува од дејствување во согласност со своите обврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на службените обврски.

**Активна корупција** - намерно дејствување на кое било лице кое дирекно или преку посредник, ветува или дава корист од каков било вид на службено лице, за него или за

трето лице, со цел да дејствува, да се воздржува од дејствување во согласност со неговите обврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на службените обврски.

Под **судир на интереси** се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности.

**Службеното лице** во своето работење е должно да внимава на потенцијален судар на нитереси и да преземе мерки за негово одбегнување.

Во случај на постоење на сомневање за постоење на судир на интереси, службеното лице е должно да побара мислење од Државната комисија.

Под поимот **ризик** од **корупција** согласно законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси се поздразбира кој било вид внатрешна или надворешна слабост или постапка која претставува можност за појава на корупција во рамките на државните органи, или друга институција од јавниот сектор и кои ги вклучува прашањата за судир на интереси, неспоивост на функции, примање подароци и други нелегални плаќања, лобирање, недостаток на систем за заштита на укажувачи, измами, несоодветно користење на овластувања, финансирање на политички партии и кампањи спротивно на закон, тргнувања или недозволено користење на информации, транспарентност на постапки и документи и други прашања од значење на интегритетот.

Под поимот **интегритет** се иодразбира законито. независно, непристрасно, етичко, одговорно и транспарентно вршење на работи со кои службените лица го чуваат својот углед и угледот на институцијата во која е вработено, ги елиминира ризиците и ги отстрануваагсомневањага во можноста од настанување и развој на корупцијата и со тоа обезбедуваат доверба на граѓаните во вршењето на јавните функции и во работата на јавните институции.

Под поимот **јавни овластувања** се подразбира овластување, пренесено од страна државната или локалната власт на физичко или правно лице да врши работи од јавен интерес.

Под поимот **јавен интерес** се подразбира заштита на основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати со меѓународното право и утврдени со Уставот на Република Северна Македонија, спречување на ризициге за здравјето. Одбраната и безбедноста, заштита на животната средина и на природага, заштита на сопственоста и на слободата на пазарот и претприемништвото, владеење на правото и сиречување на криминалитетот и корупцијата.

Под поимот **службена должност** се подразбира збирот на обврски кои едно лице е должно да ги преземе, а кои произлегуваат од вршењето на одредена функција или професија, односно од службената положба на тоа лице.

Под поимот **административни работи** се подразбираат стручно

административни, нормативно-правни, статистички, плански, информатички, кадровски, матсријални, финансиски, сметководствени, информативни и други работи од административна природа.

Под поимот **службено лице** се подразбираат сите избрани или именувани лица и вработени во јавниот сектор.

Под поимот **кронизам** се подразбира именување на истакнати позиции на блиски пријатели, другари или познаници на функционерите, без оглед на тоа дали тие се квалификувани за тие работни позиции односно поставување на несоодветен кадар. Станува збор за фаворизирање на свои пријатели. При кронизмот лице кое има авторитет ја злоупотребува својата моќ и промовира пријател за таа позиција и покрај тоа што не е квалнфикуван за таа позиција.

**Непотизмот** претставува фаворизирање роднини или пријатели при доделување функции и почести без притоа да се води сметка за стручноста. Непотизмот подразбира и злоупотреба на службената, политичката или на друга моќ за доведување на роднини на влијателни позиции и функции. Согласно законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси предвидена е забрана на влијание за вработување на блиски роднини. Имено службеното лице не смее да врши влијание за вработување или унапредување на блиско лицс во органот во кој е избрано или именувано или во друг државен орган или јавно иретпријатие, јавна установа или друго правно лице што располага со државен капитал врз кое врши надзор органот во кое лицето е избрано односно именувано. Избраното, именувано или одговорно лице во јавно претпријатие и друго правно лице што располага со државен капитал, е должно да ја извести Државната комисија за секој избор, именување или вработување, унапредување на член од неговото семејство во државен орган, орган на локалната самоуправа, јавно претпријатие или друго правно лице што располага со државен капитал, во рок од десет дена од денот на извршениот избор, именување, унапредување или вработување.

**Дискрециони овластувања.** Дискреционите овластувања и донесување на дискрециони одлуки постојат во оние случаи кога во прописите одредено прашање за кое треба да се одлучува не е уредено или кога во прописите е содржан оној збор кои му остава простор на функционерот или службеникот да избере дали ќе донесе одреден акт или избор на одредена алтернатива. Како пример би ги посочиле зборовите ..може“, „цени“, „односно“ и слично. Согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси предвидено е дека во вршењето дискрециони овластувања секое службено лице е должно оддукитс да ги донесува совесно, водејќи сметка за сите факти и околности на конкретниот случај и за начелото на законитост и справедливост.

**Деполитизација.** Согласно Законот за вработени во јавниот сектор, вработените во јавниот сектор работите и работните задачи ги вршат политички непристрасно без влијание на своите политички уверувања и лични финансиски интереси.

**ОПШТИ ОДРЕДБИ**

ЈП „Плаваја" Радовиш борбата против корупцијата ќе ја реализира преку превентивен и репресивен пристап со јасна порака дека корупцијата нема да остане не санкционирана.

- **ЈП „Плаваја" Радовиш има назначено лице за прием на пријави од укажувачи.**
- **Отворена е e-mail адреса за пријава на корупција**

Антикорупциските активности ќе бидат насочени кон унапредување на професионалноста на службениците преку доследно почитување на законската и подзаконската регулатива и санкционирање на сите форми на корупција. Имајќи го предвид наведеното во Годишниот план за антикорупција се утврдени областите каде најчесто постои ризик за појава на корупција и тоа:

> Постапките за вработување, избори и именувања;

> Постапките за јавни набавки;

> Постапки за преземање финансиски обврски и финансиска дисциплина;

Заради спречување на корупцијата и судир на интереси, во спроведувањето на постапките на вработување ќе се почитуваат следните начела:

1. **Начело на законитост**

Вработените во јавниот сектор ги вршат работите и работните задачи во согласност со Уставот, закон, други прописи донесени врз основа на закон и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот.

2. **Начело на еднакви услови** - еднаков пристап до работно место, соодветна и правична застапеност

Согласно со начелото на еднакви услови и еднаков пристап за сите заинтересирани кандидати до работното место, имаат обврска слободните работни места и условите за нивно пополнување да ги огласуваат преку интерен, односно јавен оглас.

3. **Начело на стручност и компетентност**

Вработувањето во јавниот сектор се врши преку објавување јавен оглас, при што во транспарентна, фер и конкурентна постапка на селекција, се избира најстручниот и најкомпетентниот кандидат за работното место.

**4. Начело на управување со ефектот на вработениге**

Институциите се должни да воспостават процедури за управување со ефектот на вработените преку негово континуирано следење и оценување и предлагање на мерки за негово подобрување.

**5. Начело на сервисна ориентираност**

Вработените во јавниот сектор работите и работните задачи ги вршат квалитетно, одговорно. стручно, навремено и совесно, согласно со правилата на професијата и роковите и постапките во согласност со закон.

**6. Начело на професионална етика, непристрасиост н објективност**

При извршувањето на работите и на работните задачи вработените во јавниот сектор задржуваат високи стандарди за личен интегритет, професионална етика и грижа за заштита на јавниот интерес и се придржуваат до актите кои ги уредуваат овие стандарди.

**7. Начело на транспарентност и доверливост**

Вработените во јавниот сектор при вршењето на работите и на работните задачи се должни да обезбедат пристап до информации од јавен карактер на начин и под услови утврдени со закон. Вработените во јавниот сектор во извршувањето на работите и на работните задачи на работното место со личните службените и класифицираните податоци постапуваат на начин и под услови утврдени со закон.

**8. Начело на одговорност**

Вработените во јавниот сектор одговараат пред институцијата во која се вработени за иоследиците од нивното постапување, непостапување или одлучување, односно неодлучување, како и за квалитетот, навременото и ефикасното извршување на доверените надлежности.

**9. Начело на спречување судир на ннтереси**

Вработените во јавниот сектор не го доведуваат личниот материјален и нематеријален интерес во судир со јавниот интерес и со нивниот статус кој може да предизвика судир на интереси. во согласност со одредбите на овој или на друг закон.

**10. Начело на економично користење на средства**

Вработените во јавниот сектор материјалните средства опремата и другите средства за работа ги користат на економичен, разумен и ефикасен начин.

## 2.ПОСТАПКИ ЗА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ

Службено лице не смее да врши незаконско дејствие во постапката за јавна набавка.

Оваа одредба се применува и кога врз основа на јавен конкурс, оглас или лицитација се одлучува за давање одобренија, концесии, контингенти или дозволи за вршење на стопанска или друга профитна дејност.

**Начела на кои се темелат јавните набавки**

Системот на јавни набавки и неговото спроведување се темелат врз начелата на слободно движење на стоките, слобода за основање, слобода за обезбедување услуги, како и начелата на економичност, ефикасност, конкуренција помеѓу економските оператори, транспарентност, еднаков третман на економските оператори и сразмерност.

1. **Начело на економичност, ефикасност и ефективност на користењего јавни средства**

Договорниот орган ги спроведува јавните набавки на начин што ќе обезбеди економично, ефикасно и ефективно користење на јавните средства и успешно остварување на целите на своето работење, утврдени во согласност со прописите кои го уредуваат користењето на буџетските и другите јавни средства.

2. **Начело на конкуренција помеѓу економските оператори**

Во постапката за јавна набавка, договорниот орган не смее неоправдано да ја ограничува конкуренцијата помеѓу економските оператори.

3. **Начело на транспарентносг**

Договорниот орган ги реализира постапките за јавни набавки на транспарентен начин и во согласност со одредбиге на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.

4. **Начело на еднаков третман н неднскриминацнја на економските оператори**

Договорниот орган обезбедува еднаков третман на економските оператори во сите фази од постапката за јавна набавка и во однос на сите елементи од понудата, земајќи го предвид заемното признавање и сразмерносг на барањата во врска со предметот на набавка.

5. **Начело на сразмерност**

Постапката за јавна набавка се спроведува сразмерно на предметот на набавка, особено во однос на изборот, дефинирањето и примената на условите, барањата и критериумите, кои мора да се логички поврзани со предметот на набавка.

## 2. РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТИ

Секое службено лице е должно да ги чува државните средства што му се доверени и со нив да располага на најекономичен начин и за однапред определени намени. Забрането е средставата да се користат за приватни цели или да се даваат на друг на корисгење.

Овластените лица за реализација на проекти ќе ги почитуваат начелата на стручност, одговорност, навремено и квалитетно извршување на договорите.

## 3. ИЗДАВАЊЕ РАЗЛИЧНИ ОДОБРЕНИЈА, РЕШЕНИЈА, ЛИЦЕНЦИ И ДОЗВОЛИ

Издавањето на различни одобренија, решенија, лиценци и дозволи се широка област за коруптивно однесување заради непосредната интеракција на јавниот со приватниот и граѓанскиот сектор (вклучително и граѓаните) која се врши со цел да се добие определен документ кој е важен за барателот на документот во професионална или лична смисла.

Најчести форми на корупција кои се јавуваат при издавањето на различни одобренија, решенија, лиценци и дозволи се:

- Злоупотреба на службената позиција;
- Поткуп;
- Подароци;
- Тргување со политичко влијание;
- Откривање на класифицирани информации заради лична корист;
- Судир на интереси;
- Самодоговарање (доделување дозвола, концесија на сопствена/роднинска приватна фирма.

Од анализата произлегува дека издавањето на различни одобренија, решенија, лиценци и дозволи претставува област (процес) со ризик за корупција заради недоречености во правната регулатива и заради големата атрактивност на определени одобренија, решенија, лиценци и дозволи што носат висок профит за барателот. Оттаму, интегритетот и компетенциите на човечките ресурси во јавните институции кои се на раководни позиции и/или директно вклучени во постапките за издавање на одобренија, решенија, дозволи и други документи, заедно со слабиот надзор над примената на законската регулатива и лоцирање на одговорноста се од клучно значење дали ќе се случи корупција или не.

## 4. ФИНАНСИСКО УПРАВУВАЊЕ И КОНТРОЛА

Цел на финансиското управување и контрола е подобрување на финансиското управување заради постигнување на следниве општи цели:

- Вршење на работите на правилен, етички, економичен, ефективен и ефикасен начин;

- Усогласување на работењето со законите, другите прописи, утврдената политика плановите и постапките;
- Заштита на имотот и другите ресурси од загуби предизвикани од лошо управување, неоправдано трошење и користење, како и од неправилности и злоупотреби;
- Јакнење на одговорноста за успешно остварување на задачите;
- Правилно евидентирање на финансиските трансакции и
- Навремено финансиско известување и следење на резултатите од работењето.

Финансиското управување и контрола е систем на политики, процедури и активности воспоставени од раководителот на субјектот, со цел да се обезбеди разумно уверување дека целите на субјектот се остварени.

Одговорни лица за финансиско управување и контрола се раководителот на субјектот и раководителот на подредените организациони единици во субјектот.

**Финансиски контролор** е лице овластено во субјектот за проверка на законитоста и правилноста на предложените финансиски одлуки, какао и нивно одобрување или оспорување, земајки ги во иредвид принципите на економичност ефикасност и ефективност.

**Ex- ante** финансиска контрола е процедура со која се обезбедува финансиската обврска да не биде преземана и расходот да не биде платен без претходно одобруваље од службено лице хиерархиски независно од лицето овластено за преземање на финансиски обврски и лицето овластено за плаќање.

**Ex- post** финансиска контрола е процедура која се спроведува кој субјектот со која се обезбедува финансиските трансакции во форма на обврски, расходи или приходи, да бидат проверени, откако трансакцијата ќе биде целосно завршена.

**Овластено лице за преземање финансиски обврски** е овластено службено лице кое може да презема финансиски обврски.

**Овластено лице за плаќање** е овластеното службено лице кое може да издава наредби за плаќање.

**Финансиската дисциплина** подразбира реално буџетирање на приходите и расходите на општината, преземање на финансиски обврски согласно планираните приходи и редовно и навремено сервисирање на обврските согласно Законот за финансиска дисциплина.

## ПРЕЗЕМАЊЕ МЕРКИ ПРОТИВ НЕПРАВИЛНОСТИ И ИЗМАМИ

Раководителот на субјектот од јавниот сектор има обврска да го спречува ризикот од неправилности и измами и да презема дејствија против неправилности и измами.

Раководителот на субјектот од јавниот сектор назначува лице кое известува за неправилности и сомнежи за измами или корумција и самостојно ги презема меркиге.

Сите вработени вклучувајќи ги и внатрешните ревизори ги известуваат раководителот на субјектот од јавниот сектор и лицето задолжено за неправилности, за неправилностите или

сомнежите за измами или корупција.

Ако внатрешниот ревизор има сомнеж за измама или корупција во текот на извршувањето на ревизијата, за тоа го известува раководителот на единицата за внатрешна ревизија кој има обврска да достави писмено известување до раководителот на субјектот од јавниот сектор и лицето задолжено за неправилности.

По добиеното известување за постоење на неправилности или сомнеж за измами или корупција, лицето задолжено за неправилности ги презема потребните мерки и за тоа ги известува Јавното обвинителство на Република Македонија, Министерство за финансии-Управа за финансиска полиција и финансиската инспекција на јавниот сектор, а во рок од 15 дена за преземанитс мерки во писмена форма го известува лицето кое укажало на неправилности или измами, освен во случај на анонимна пријава.

Ако погоре напоменатите лица не бидат известени за соодветно преземаните мерки, тие за тоа ги известуваат органите.

Централната единица за хармонизација не е надлежно тело за пријавување на неправилности и измами.

На вработените вклучувајки ги и внатрешните ревизори кои пријавиле неправилност или сомнеж за измама им се обезбедува заштита на идентитетот и стекнатите права од работен однос врз основа на закон.

Секој е должен во вршењето на функцијата, јавните овластувања и службената должност да постапува во согласност со Уставот и со законите.

Секој е должен во вршењето на функцијата. јавните овластувања и службената должност да постапува совесно. стручно, одговорно. чесно, ефикасно и неприсграсно.

Секој има право на еднаков пристап кон вршењето на работи од јавен интерес и право на еднакво постапување од страна на носителите на власта и лица кои вршат јавни овластувања и службени должности.

Вршењето на власта, функцијата, јавните овластувања, службената должност и работите од јавен интерес се јавни и подложни на јавна контрола.

Секој има право да пријави сомнение или сознание за корупција и да биде заштитен согласно со закон.

## СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА ВО ВРШЕЊЕТО НА РАБОТИ ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС

Вработените во јавното претпријатие при извршувањето на работните задачи не смеат да го доведат личниот, материјалниот и нематеријалниот интерес во судир со јавниот интерес и со нивниот статус да предизвикаат судир на интереси.

**Незаконити барања на претпоставен**

Службеното лице кое од неговиот претпоставен или избрано или именувано бара во вршењето на службата да постапи спротивно на Уставот, закон или друг пропис, е должно за тоа да му укаже на оној кој ја издал наредбата.

Доколку и по усното укажување, непосредно претпоставениот ја повтори наредбата, службеното лице веднаш за тоа писмено ќе го извести непосредно повисокиот претпоставен од оној кој ја издал наредбата и Државната комисија. По писменото укажување службеното лице е ослободено од обврската за незаконито вршење на службеното дејствие и неможе за тоа да биде повикано на одговорност, ниту да трпи последици.

Службеното лице кое постапило согласно со должноста за укажување утврдена со закон има право на заштита согласно одредбите од Законот за заштита на укажувачи. По известувањето Државната комисија презема мерки по пријава од укажувач, во постапка и рокови утврдени со одредбите од Законот за заштита на укажувачи.

**Непријавување на казниво дело**

Службеното лице е должно да го пријави секое казниво дело поврзано со корупција, како и секоја повреда на одредбите од овој закон за кои дознало во вршењето на својата должност.

**Забрана за вршење влнјание врз друг**

Службеното лице не смее да ја користи својата иоложба вршејќи влијание врз друго лице во државен орган, за тоа да донесе или не донесе определена одлука, да стори неигго, да пропушти или да трпи заради остварување корист.
Секој граѓанин има право да ја извести Државната комисија за повредата на одредбите од претходниот став.

**Вршење дискрециони овластувања**

Во вршењето дискрециони овластувања секое службено лице е должно одлуките да ги донесува совесно водејќи сметка за сите факти и околности на конкретниот случај и за начелото на законитост и праведливост.

Физичко или правно лице што е незадоволно од одлуката донесена врз основа на дискреционо овластуваље и кое смета дека гаа одлука е донесена поради корумпираност, може да поднесспрстставка пред Државната комисија.

Државната комисија е должна да ја разгледа претставката и во рок од 30 дена од денот на приемот да го извести физичкото, односно правното лице за постапување по истото.

Државната комисија двапати годишно на својата Веб страница објавува статистички податок за поднесени претставки.

**Понуда на поткуп**

Службено лице на кое му е понуден поткуп, е должно да преземе мерки за идентификација

на понудувањот и да го пријави на надлежниот орган.

**Постапка во случај на обвинение за корупцнја**

Службено лице кое е првосилно осудено за коруптивно дело без одлагање го известува органот кој го избрал или именувал, односно својот претпоставен.

**Ништовност на правни акти**

Правните акти што се резултат на корупција и судир на интереси или се донесени, односно склучени заради корупција. односно во состојба на судир на интереси се ништовни. Секој кој има правен интерес може да бара поништување на правните акти, со поднесување како доказ правосилна судска одлука, односно одлука на надлежен орган со која е потврдено посетоењето на корупција или судиар на интереси.

**Злоупотреба во вршењето работи од јавен ннтерес**

Лице што врши работи од јавен интерес не смее да ја злоупотреби својата положба за остварување на корист.

Како работи од јавен интерес, покрај дејностите што се со закон определени кака работи одјавен интерес се сметаат и активностите што се вршат во рамките на дејствувањето на политичките партии, синдикатите, здруженијага и фондациите.

**Постапување во случај на постоење судар ма интереси**

Службеното лице во своето работење е должно да внимава на потенцијален судир на интереси ида преземе мерки за негово одбегнување.

Во случај на сомневаље за постоење на судир на ипгереси, службеното лице е должно да го преземе сите неопхпдни мерки за да го спречи влијаниего на неговиот приватен интерес или приватниот интерсс на друго лице врз извршувањето на неговите овластувања и должности и за тоа да го известри својот претпоставен.

Во случај на постоење за сомневање за судир на интереси, службеното лице е должно да побара мислење од Државната комисија.

**Пријавување на состојба на судир на интереси**

Ако службеното лице учествува во расправа на орган или тело во кое се одлучува за работи за кои тоа или блиско лице има приватен интерес, службеното лице е должно да го пријави постоењето на приватниот интерес и да се изземе пред расправата и одлучувањето а најдоцна пред почетокот на одлучувањето. Прикривањето на постоење на привbooten интерес од страна на службено лице претставува повреда на должноста и основа за покренување на постапка за утврдување на одговорност и изрекувањс на мерки согласно Закон. Службеното лице кое учествува или одлучува во постапката за избор, именување или вработување или е вклучено како член на телото што ја спроведува таа постапка е должно да го извести раководното лице во органот, односно институцијата каде што службеното лице врши јавни

овластувања за сите постапки што може да предизвикаат судир на интереси. Во случај на сомневање за постоење на судир на интереси, службеното и раководното лице може да побараат мислење од Државната комисија.

**Забрана за примање подароци**

Службеното лице при вршењето на јавните овластувања и должности не смее да прима подароци освен во случаите во износ и на начин утврдени со Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственотс и со стварите во општинска сопственост односно, законот за вработените во јавниот сектор. Државните и другите органи и организации се должни да достават до Државната комисија копија од листата од евиденцијата за примените подароци, најдоцна до 31 март во тековната година за претходната година. Ако Државната комисија при разгледување на листата утврди отстапување од законски утврдените критериуми за тоа го известува органот или институцијата која ја составила листата. Доколку Државната комисија оцени дека службеното лице има добиено подарок кој влијае или може да влијае врз објективното и непристрасно вршење на функциите, јавните оволастувања или службени должности за тоа ги известува надлежните органи, а подароците стануваат сопственост на Република Северна Македонија или на јавното претпријатие.

**ПРЕДЛОГ-МЕРКИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**

1. Почитување на уставот и законите;
2. Почитување на антикорупциската политика и политика на интегритет;
3. Донесување на интерни процедури и правилници за постапување со предметите од сите области на работење кои се во надлежност на јавното претпријатие;
4. Почитување на роковите во решавањето на предметите од надлежност на јавното претпријатие, совесно, професионално и одговорно однесување;
5. Обезбедување на транспарентост и отчетност во работењето на јавното претпријатие;
6. Овозможување на слободен пристап на информации од јавен карактер;
7. Редовна информирање на граѓаните за работењето на јавното претпријатие преку локални медиуми и редовно ажурирање на Веб страницата;
8. Почитување аа финансиската дисциплина;
9. Назначување на лице за неправилности и сомнежи за измама и корупција;
10. Задолжително пријавување на коруптивно, недозволиво, незаконито и неетничко однесување на лица вработени во јавното претпријатие;
11. Преземање на дисциплински мерки против лицата кои се однесуваат коруптивно, недозволивно, незаконито и неетичко;
12. Назначување на лице за внатрешно пријавување.

Годишниот план за спречување на корупцијата на ЈП „Плаваја“ Радовиш влегува во сила веднаш по донесувањето од страна на Управниот одбор при ЈП „Плаваја“ Радовиш.

Заменик Претседател на Управен одбор
Иле Георгиев

Јавно претпријатие за комунални дејности ПЛАВАЈА П.О. Радовиш